100 ДЕНА, 100 ДЕЛА - КИСЕЛА ВОДА ОПШТИНА ШТО РАБОТИ ЗА ТЕБЕ

Почитувани претставници на медиумите,

Почитувани сограѓани, пријатели и соработници,

Пред точно сто дена, ја презедов честа и одговорноста да го предводам развојот на нашата Кисела Вода. Тогаш ветив дека мојот кабинет нема да биде место со затворени врати, туку центар од каде ќе се менаџира развојот на општината во постојан дијалог со секој наш жител. Денес, со задоволство стојам пред вас за да го презентирам отчетот „100 дена, 100 дела“.

Овој слоган за мене не е само симболика. Тој е жива статистика на нашиот заеднички труд. Тој е доказ дека во Кисела Вода секој еден ден значи нов проект за граѓаните. Нашата работа цврсто се темели на три клучни столбови: целосна законска издржаност, апсолутна транспарентност и проекти кои извираат директно од барањата на нашите жители.

Во овој кус период, Кисела Вода го потврди својот епитет на ефикасен сервис кој работи за вас. Со реализирани 5 километри нов асфалт, со отворено ново кино и интензивна работа на над 20 крупни капитални проекти, покажавме дека динамиката не запира. Некои од овие зафати се веќе завршени и пуштени во употреба, додека други се во напредна или завршна фаза.

Голем дел од овие проекти ги реализираме самостојно, а значаен дел со силната поддршка од Владата на Република Македонија. Тоа се заеднички инвестиции со една единствена цел: подобар, побезбеден и пофункционален живот за сите.

---

Почитувани,

Развојот на една општина се мери со реални, видливи чекори кои го менуваат секојдневието. За да имаме силна и модерна Кисела Вода, за да обезбедиме економски напредок и квалитетен живот, темелот мора да биде здрава и современа инфраструктура. Токму затоа, во изминатиот период, со силен интензитет се посветивме на обнова на патната мрежа, свесни дека секој нов метар асфалт значи подобра поврзаност, поголема безбедност и поефикасен сообраќај за сите нас.

Во овие 100 дена, реализиравме инвестициски циклус во кој поставивме околу 5 километри нов асфалт.

Успешно ги завршивме проектите за: реконструкција на ул. „Ѓорѓи Димитров“, реконструкција на ул. „527“, за изградба на потпорни ѕидови и уредување на коритото на Мала Рада, каде во моментот се врши партерно уредување.

Во напредна фаза на реализација се реконструкција на ул. „Жил Верн“, реконструкцијата на ул. „Саса“ со краци, како изградба на пешачки патеки со партерно уредување на просторот пред салата “Расадник” .

Паралелно со надворешниот лик на општината, работиме и на она што е невидливо, но од есенцијално значење, подземната инфраструктура. Во тек е изградба на фекална канализација за Бабин Дол, а во завршна фаза атмосферската мрежа на ул. „Томе Арсовски“.

Се грижиме и за сообраќајот во мирување, преку изградба на два нови паркинг простори кои се во фаза на изведба, едниот на улица Михаил Чаков, другиот на улицата Тоне Томшиќ. Околу 80 паркинг места. Ја подигнавме и енергетската ефикасност преку замена на 3.000 стари светилки со нови LED светилки. Со инсталирањето на системот за паметно менаџирање со осветлувањето, Кисела Вода станува модерна и одговорна општина која штеди ресурси. Паралелно, се грижиме и за социјалниот простор во секое маало. Градиме нови објекти за месните заедници во Пинтија и Драчево, бидејќи тие се домот на локалната самоуправа. Тоа се места каде што секој граѓанин може да се обрати, да предложи решение и активно да учествува во креирањето на локалниот живот. Во фаза на изградба се нови детски катчиња во с. Драчево и во Дупки. Тоа се првите две од предвидените 10, кои ќе се градат низ целата територија на општина Кисела Вода.

Инвестирањето во образованието е нашата највредна и најстратешка одлука. Тоа значи директно подобрување на квалитетот на наставата и создавање современи услови за раст и развој на нашите најмлади. Во овие 100 дена, посветено работевме на капитални реконструктивни зафати во повеќе училишта. Со поддршка од Владата, во напредна фаза се доградба на ООУ „Невена Георгиева Дуња“, на ООУ „Кирил Пејчиновиќ“. Во фаза на изградба е и новото основно училиште ООУ „Св. Климент Охридски“ во селото Драчево.

Ги реконструиравме тоалетите во ООУ „Партенија Зографски“, поставивме пречистувачи за воздух во ООУ „Невена Георгиева Дуња“ и ООУ „Кузман Јосифовски Питу“.

За да се следат и управуваат заштедите на реурсите, го пуштивме во употреба онлајн мониторинг софтверот. Тој претставува финална активност во рамките на проектот во рамките на кој беа поставени фотоволтаичните системи во сите основни училишта на територијата на Општина Кисела Вода.

Набавивме и компјутери, принтери и телевизори за основните училишта „Рајко Жинзифов“ и „Кирил Пејчиновиќ“, како дел од континуираните активности за унапредување и модернизација на наставниот процес.

Во овие 100 дена, посветено работевме на унапредување и на спортската инфраструктура.

Градиме спортска сала во подрачното основно училиште „Круме Кепески“ во Припор, како и во ООУ „Кузман Јосифоски Питу“.

Покрај овие инвестиции, во завршна фаза е целосната реконструкција на спортската сала „Расадник“, капитален проект кој го реализира Министерството за спорт во соработка со нашата општина.

Континуирано даваме поддршка на спортистите од овој дел на градот. За првпат во историјата на општина Кисела Вода направивме избор на спортисти на годината, манифестација која планираме да прерасне во традиција.

Како градоначалник, особено сум посветена на инклузивноста за лицата со попреченост. Преку проектот „Спортуваме-другаруваме“ донираме опрема за голбол клубот на ДУРМДОВ „Димитар Влахов“, а годинава организираме и лига во овој спорт со звучна топка. За овој систем да биде стручен, соработуваме со Факултетот за физичко образование, спорт и здравје. Нашите наставници по физичко образование поминаа обуки за работа со деца со посебни потреби, бидејќи нашата заложба како локална самоуправа е да создадеме еднакви можности за секое дете.

Преку соработката со Академија “Данчевски”, обезбедивме бесплатни часови по шах за младите од Кисела Вода. Шахот е воведен како изборен предмет во училиштата, а наставниците поминаа обука од страна на Шаховскиот сојуз на град Скопје.

---

Свесни сме дека за еден родител нема ништо поважно од сигурноста дека неговото дете е згрижено во модерни и безбедни услови. Затоа, прашањата што го засегаат најмладите го поставивме високо на листата на приоритети.

Во моментов сме на прагот од отворање на две нови градинки во населбите „11 Октомври Згради“ и „Подстаница“, а градиме и уште една во „Расадник“. Целта е повеќе од јасна -да ги затвориме листите на чекање. Паралелно со тоа, реализиравме серија инвестиции во постоечките градинки: поставивме пречистувачи на воздух во сите објекти, го реконструиравме кровот во „Пеперутка 1“ поставивме громобрански систем за сите три објекти во населбата Драчево, целосно го опремивме новиот објект во Подстаница. Набавивме и едукативни и развојни играчки ,како и инвентар и униформи за вработените.

---

Квалитетот на живот во една општина се мери и преку чистотата на нејзините улици и паркови. Затоа, подигнувањето на хигиената го поставивме како секојдневен императив.

Поставивме нови стандарди во третманот на отпадот. За првпат, на граѓаните им овозможивме селекција на текстилен отпад. Локациите пред месните заедници ги опремивме со 15 специјализирани контејнери. Оваа мрежа ја шириме. Во изработка се уште 15 вакви контејнери кои ќе бидат наменети за училиштата, со што ќе делуваме и едукативно врз најмладите. Резултатите од теренот се мерливи и видливи. Во овие 100 дена: Исчистивме 27 диви депонии, собравме над 50 тони комунален и 19 тони кабаст отпад. Веќе е складиран и првиот тон селектиран текстилен отпад.

Но, битката за здрава средина не е само чистење, туку и обновување на природата. Преку стратешкото партнерство што го воспоставивме со ЈП „Национални шуми“, наскоро започнуваме масовна акција за пошумување и озеленување која ќе го опфати целото подрачје на Општина Кисела Вода. Се работи за преку 3000 дрвца.

---

Почитувани,

Инфраструктурата го гради телото на општината, но културата е нејзината душа. Нашата визија е културата да биде достапна за секого, со нови содржини кои ќе ги оживеат нашите маала и ќе им понудат квалитетно слободно време на граѓаните.

Токму затоа, со огромна гордост ќе истакнам дека пред само два дена го отворивме првото кино во Драчево! Ова е веќе второ кино во општина Кисела Вода во изминатите две години. Во соработка со „Киноверзум“, ја доближуваме филмската уметност на локално ниво. Уште позначаен, ќе речам историски момент, е што по ерата на Југославија, селото Драчево е првото село во Македонија што доби сопствено модерно кино. Го реализиравме и дигиталниот проект „Кисела Вода на дланка - 360 степени“ . Оваа виртуелна прошетка е модерна алатка која преку нашата веб страница им помага на туристите да ги истражат нашите знаменитости, но и на учениците да учат за својата локална историја. Иницираве и започнување стручна иницијатива во насока на систематско собирање и обработка на податоци за археолошки наоѓалишта, историски локации, објекти од културно значење и локални традиции. Овие информации ќе бидат основа за изработка на културно-историско-археолошка карта на Општина Кисела Вода, која ќе претставува сеопфатен преглед на културното богатство на општината.

Големата радост донесовме за време на празниците. Организиравме тридневен настан „Новогодишна приказна“, а поделивме и 7.000 бесплатни пакетчиња за сите деца од општината. Во овие 100 дена, културата ја испреплетовме со хуманоста и традицијата: го реализиравме Божиќниот театарски фестивал и учествуваме во масовните Бадникови поворки .

Дадовме силна поддршка на лицата со попреченост преку настани како концертот со Здружението „Трисомија 21“ , претставата „Сон на летната ноќ“ на детскиот алтернативен театар „Мали, а големи“ за деца заболени од церебрална парализа. Го одбележавме и Меѓународниот ден на лицата со попреченост, а по повод 16 дена активизам против родово базирано насилство- во Домот на култура се одржа театарска претстава „Кротка“.

---

Вистинската вредност на едно општество се мери според тоа колку се грижи за своите луѓе, особено за најранливите. Затоа, во Кисела Вода градиме силен и одржлив систем на социјална поддршка. Нашата цел е никој да не се чувствува заборавен.

Во делот на грижата за децата и нивниот правилен развој, направивме огромен чекор напред.

Ја проширивме мрежата на поддршка: Покрај постоечкиот центар во Припор, отворивме нов Центар за бесплатни логопедско-дефектолошки третмани и во Драчево, во соработка со центарот „Гаспар“.

Во завршна фаза е опремувањето на новиот едукативно-терапевтски центар во Црниче. Овој проект го реализираме со Здружението „Ајнштајн“ и ќе биде од клучно значење за децата со дислексија, дисграфија и дискалкулија.

Подеднакво сме посветени и на нашите највозрасни сограѓани, оние кои ја граделе оваа општина. Преку стратешката соработка со Црвениот Крст, обезбедивме достоинствена старост и сигурност преку три клучни мерки:

Услугата „Итно копче“ за итна медицинска асистенција;

Бесплатен транспорт до здравствените и административните институции;

Помош и нега во домот за изнемоштените лица.

И конечно, вложуваме директно во растот на семејството и иднината на младите.

Ги поддржуваме родителите од самиот почеток, за секое новороденче исплаќаме еднократна помош од 12.000 денари. А за да ги задржиме младите тука, да градат иднина во својата општина, овозможивме ослободување од комуналии за изградба на куќа за млади брачни двојки.

Почитувани, ние веруваме во политика што се гради заедно со вас, граѓаните. Токму затоа, Буџетот за оваа година го креиравме исклучиво по мерка на вашите потреби. Преку бројните средби што ги остваривме, вашите идеи и предлози директно ги преточивме во проекти кои денес се реализираат. Оваа клима на доверба и соработка ја пренесуваме и на повисоко ниво. Интензивната комуникација со централната власт, честите работни средби со министрите, како и посетите на Премиерот, се јасен показател дека имаме силен партнер за реализација на крупните капитални проекти. Дополнително, градиме цврсти мостови и со дипломатскиот кор, отворајќи нови перспективи за општината. Клучна алка во овој синџир е и локалниот бизнис сектор. Со стопанствениците градиме искрено партнерство, бидејќи сме свесни дека само преку вмрежување и заедничка визија можеме да обезбедиме побрз локален економски развој за сите нас. Во таа насока беше и настанот „Градиме доверба и вмрежување на деловните луѓе од Општина Кисела Вода“, на кој остваривме иницијална средба со бизнис заедницата и претставниците на компаниите од овој дел на градот.

Пред крајот, дозволете ми да ги споменам и проектите кои се веќе подготвени и ги започнуваме во периодот што е пред нас:

Реконструкција на улица Мариовска и изградба на потпорен ѕид

Реконструкција на атмосферски канал(Црн Канал) од улица Малешевска 1 до Мала Рада

Реконструкција на улица Речиште со краци

Реконструкција на Иван Хаџи Николов и краците на Герника

Реконструкција на улица Киро Фетак во дел кај мостот

Реконструкција на дел од локален пат од мост Драчево до Охис

Новопроектирана улица 2 и паркинг простор, позади Кузман Јосифовски Питу

Реконструкција на улица Томе Арсовски за локалитет Бирарија

Реконструкција на улица Фредерик Шопен за локалитет Бирарија

Како и подобрување на системот за водоснабдување во рурална населба Каменик Општина Кисела Вода преку изградба на резервоар, односно секундарна мрежа.

Оваа листа на проекти не е само план на хартија, туку наш конкретен договор со граѓаните за периодот што следи. Секој проект има свој рок, своја цел и свој буџет, но пред сѐ, има луѓе кои стојат зад неговата реализација. Оваа амбициозна агенда бара заеднички напор и силна координација на сите нивоа. Затоа, сакам јасно да истакнам дека ниту еден од овие успеси немаше да биде можен без тимска работа и подадена рака. Сакам да упатам искрена благодарност до Советот на Општина Кисела Вода, до претседателката на Советот, Светлана Колариќ, и до секој еден советник кој ги препозна добрите и издржани проекти и даде поддршка за нивна реализација. Покажавме дека кога се работи за интересот на граѓаните, сите сме на иста страна.

Благодарност до општинската администрација за посветената работа, до Владата, Премиерот проф д-р Христијан Мицкоски, до министрите за поддршката, како и до Градот Скопје, градоначалникот Орце Ѓорѓиевски и јавните претпријатија со кои секојдневно соработуваме на терен. Голема благодарност и до граѓанскиот сектор и здруженијата кои се наш коректив и партнер.

Но, најголемата благодарност ви ја должам вам, почитувани граѓани, жители на Кисела Вода. Вие сте нашата мотивација, вие сте причината зошто работиме секој ден со засилено темпо.

Ова се само првите 100 дена. Ова е само почеток на една амбициозна приказна. Нашата крајна цел е целосна реализација на ветената програма.

Ова беа само 100 дена. Ова се само 100 дела од бројните кои следат. Продолжуваме понатаму, заедно. Кисела Вода продолжува да биде општина што работи за вас!